**Совет на Град Скопје**

Врз основа на член 61, точка 29 од Статутот на Град Скопје и член 11, точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96 и 6/02), Советот на Град Скопје на седумнаесеттата седница, одржана на 29 март 2002 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за давање согласност на Одлуката за утврдување корисници со бенифицирани цени, донесена од Управниот одбор на ЈП "Водовод и канализација" - Скопје

1. Се дава согласност на Одлуката за утврдување корисници со бенифицирани цени, број 02-844/3 од 8.02.2002 година, донесена од Управниот одбор на ЈП "Водовод и канализација" - Скопје.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Број 09-709/1
29 март 2002 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ,
Страшо Нелковски

*1000 Скопје, Илинденска бб*
*Република Македонија*
*тел. 389 02/297-200; 297-207*
*факс 389 02/116-169*

Јавно претпријатие
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
Бр. 02-844/3
-8 -02- 2002 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 20 од Статутот на ЈП Водовод и канализација - Скопје, Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација - Скопје на својата единаесета седница одржана на 08.02.2002-ра година, донесе

# О Д Л У К А

За утврдување корисници со бенифицирани цени

1.

Со оваа Одлука се утврдуваат корисниците од јавен интерес кои потрошената вода и канализација ја плаќаат по бенифицирани цени, односно по цената утврдена на домаќинствата.

2.

Корисници од точка еден на оваа Одлука се:

1. Детски градинки
2. Основни училишта
3. Средни училишта
4. Факултети
5. Средношколски и студентски центри (домови)
6. Спортски друштва
7. Месни заедници
8. Здружение на пензионирани и трудови инвалиди
9. Музеи
10. Културно-уметнички друштва
11. Детски културни центри
12. Советувалишта за деца
13. Зоолошка градина
14. Старечки домови
15. Библиотеки
16. Заводи за рехабилитација на деца и младинци
17. Базени
18. Хуманитарни организации
19. Објекти на регистрирани верски заедници